# SOCIO-ECONOMIC DEVELOPMENT IN MACEDONIA FROM ASPECTS OF EMPLOYMENT AND MIGRATION MOVEMENTS OF THE POPULATION

**Goran Mihajlovski**
Faculty of Biotechnical Sciences – Bitola, Republic of N. Macedonia, goran.mihajlovski@gmail.com

**Abstract:** Sustainable development, with emphasis on the employment rate of the population and their migration movement is a global concept that faces every country in the world in general, in order to ensure continuous improvement of the quality of life by ensuring sustainable development for both current and future generations.
The realization of this goal means creating a stable economy with full and highly qualified employment, quality health care, stable social security, environmental protection, reduced migration movement, in order to provide a peaceful and safe world.
Based on that, Europe's determination to participate actively in the global process of sustainable development, highlighted at the 1992 Rio de Janeiro Conference, resulted in the adoption of the EU's first strategy for sustainable development (GOR) in Gothenburg, 2001 and revised in 2006 by the European Commission.
The main goal of the strategy for socioeconomic sustainable development is to establish a set of measures and activities that will enable continuous improvement of the life of the present and future generations by creating sustainable communities capable of managing and effectively using natural resources.
So the key objectives of the European strategy for sustainable socio-economic development relating to environmental protection, social equity and economic prosperity, based on this the main challenges in terms of socio-economic development in terms of the employment rate and the migration movements that are imposed are: Social inclusion, demography and migration - improvement of living conditions as a precondition for lasting individual well-being as well as Global poverty and facing the challenges of sustainable development - poverty reduction, active promotion of sustainable development and ensuring consistency of internal and external policies with global sustainable development and undertaken international obligations.
In fact, the aim of this paper is to give a brief conceptual overview of the impact of statistical indicators on the employment rate and migration movements of the population on the socio-economic development of the country.
**Keywords:** sustainable development, socio-economic development, strategy.

# СОЦИОЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ ВО МАКЕДОНИЈА ОД АСПЕКТ НА ВРАБОТЕНОСТА И МИГРАЦИСКИТЕ ДВИЖЕЊА НА НАСЕЛЕНИЕТО

**Михајловски Горан**
Факултет за биотехнички науки – Битола, goran.mihajlovski@gmail.com

**Абстракт:** Одржливиот развој, со осврт на стапката на вработеност на населението и нивното миграциско движење е глобален концепт кој се соочува секоја земја во светот воопшто, со цел да се обезбеди континуиран напредок на квалитетот на животот со обезбедување на одржлив развој како за сегашните, така и за идните генерации.
Остварувањето на оваа цел значи создавање на стаблина економија со целосна и висококвалификувана вработеност, квалитетна здравствена заштита, стабилна социјална сигурност.,заштита на животната средина, намалено миграциско движење, се со цел да се обезбеди мирен и безбеден свет.
Врз основа на тоа определбата на Европа за активно учество во глобалниот процес на одржливиот развој, истакната на конференцијата во Рио де Жанеиро) во 1992 година, резултира со усвојување на првата стратегија за одржлив развој (СОР) на ЕУ, во Гетеборг, 2001 година и ревидирана во 2006 година од Европската комисија.
Основна цел на стратегија за социоекономски одржлив развој е воспоставување збир мерки и активности со кои ќе се овозможи континуирано подобрување на животот на сегашните и на идните генерации со создавање одржливи заедници способни да управуваат и ефикасно да ги користат природните ресурси.
Така да клучните цели на европската стратегија за одржлив социое-кономски разовј се однесуваат на заштитата на животната средина, социјалната еднаквост и економскиот просперитет, врз основа на тоа главни предизвици во однос на социо-економскиорт развој од аспект на стапката на вработеност и миграциските движења кои се наметнуваат се: Социјалната вклученост, демографијата и миграциите - подобрување на условите за живот како предуслов за трајна индивидуална благосостојба како и Глобалната сиромаштија и соочувањето

со предизвиците на одржливиот развој - намалување на сиромаштијата, активна промоција на одржливиот развој и обезбедување конзистентност на внатрешните и надворешните политики со глобалниот одржлив развој и преземените меѓународни обврски.
Всушност целта на овој труд е да се даде краток концептуален осврт на влијанието на статистичките индикатори на стапката на вработеност и миграциските движења на населението врз социо-економскиот развој на државата.
**Клучни зборови:**одржлив развој, социо-економски развој,стратегија.

## 1.ВОВЕД

Социо-економскиот развој ги отсликува економската и социјалната димензија на одржливиот развој. Оваа тема, главно, е посветена на активностите кои се неопходни за постигнување просперитетна, иновативна, конкуретна и развојна економија со одржлив економски раст што ќе овозможи целосна вработеност и поголема социјална кохезија. Од друга страна пак инвестициите во образованието, доживотното учење во истражувањето и развојот, претставуваат инвестиции во човечкиот капитал од кои се очекува да ја зголемат продуктивноста на трудот.
Социјалната димензија на економскиот раст се препознава во обезбедувањето економски ресурси што ќе овозможат намалување на сиромаштијата, инвестирање во квалитетно образование и здравствена заштита, односно што придонесуваат за одржливост на јавниот финансиски систем. Врз основа на тоа промените во големината и возрасната структура на населението претставуваат голем предизвик за одржливиотс на социоекономскиот развој во текот на следните години. А тоа доведува да демографските фактори, се условени од економските фактори и од состојбата на пазарот на трудот.
Имено транзицијата си го направи совето при што доведе до исклучување на повозрасните вработени од пазарот на трудот и нивна замена со помлада работна сила. Всушност, миграциските движења на населението во услови на слободно движење на работната сила доведуваат до намалување на понудата на квалиифкувана работна сила, со што се ограничуваат можностите за развој. Од друга страна, пак миграциите може да стимулираат и позитивни промени во социоекономскиот развој и тоа со трансфер на пари, идеи и инвестиции во државата.
Така да суштината на овој труд е да се дадде еден концептуален статистички преглед на влијанието на работната сила и миграциското движење на населнието во Макеоднија во насока на одржлив социоекономски развој.

## 2. СОЦИОЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ ОД АСПЕКТ НА ВРАБОТЕНОСТА И НЕВРАБОТЕНОСТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Социоекономскиот развој на една дава пред с езависи од стапктат ана вработеност на населението,имено самиот концепт на стпка на вработеност по дефиниција претставува учество на бројот на вработените во работоспособното население на возраст од 20 до 64 години. [9]Така да,вработеното население се состои од оние лица што во референтната недела работеле за плата или профит најмалку еден час или не работеле, а имале работа од која привремено биле отсутни. Вкупната вработеност по пол е дефинирана како учество на вработените мажи, односно жени, на возраст од 20 до 64 години, во вкупното работоспособно население од истата возрасна група и пол.Така да на графикот бр 1 ни е прикажана стапката на вработеност на лица на возраст од 20 до 64 годишна возраст.

**График број 1 приказ на стапката на вработеност на лица на возраст од 20 до 64 години**




**<u>Извор: ДЗС, Анкета за работна сила, Евростат</u>**

[9] http://www.stat.gov.mk/,Одржлив развој 2018 стр.34

Од графикот број 1 се гледа дека во текот на 2017 година, стапката на вработеност на лицата на возраст од 20 до 64 години достигнува 54.8 %, што претставува зголемување од 1.5 % во однос на претходната година, [10]Што се однесува до влијанието на невработеноста врз социо-економски развој таа претставува учество на невработените лица на возраст од 15 до 74 години во вкупната работна сила. Работната сила ја составуваат вкупниот број вработени и невработени лица,така да на графикот број 2 ни е претставена стапка на невработеност на лица на возраст од 15 до 74 години

**График број 2 приказ на стапката на невработеност на лица на возраст од 15 до 74 години**




**<u>Извор: ДЗС, Анкета за работна сила, Евростат</u>**

Од графикот број 2 сегледа дека стапката на невработеност на лицата на возраст од 15 до 24 години, во 2017 година, се намали за 1.5 % во однос на претходната година, додека кај оние од 25 до74 години е забележано намалување од 1.4 %, со тоа што анализите покажале дека главно, младите и постарите работници, жените и нискоквалификуваните лица се оние што страдаат од невработеност а со тоа и нивното влијание врз социоекомоски одржлив разој на земјата.

## 2.ВЛИЈАНИЕТО НА МИГРАЦИСКИТЕ ДВИЖЕЊА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВРЗ СОЦИОЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ

Миграциите во услови на слободно движење на работната сила може да ја намалат понудата на квалиифкувана работна сила, со што ќе се ограничат можностите за одржлив социо-економски развој.Од друга страна, миграциите може пак и да стимулираат и позитивни промени врз одржливиот развој преку трансфер на пари, идеи и инвестиции во државата.Во овој случај битно е да се прикаже раздвиженоста на внатрешната миграција во државата како индикатор кој влијае на социо-економскиот равој.

Имено, [11]внатрешната миграција од рурална во урбана област се прикажува како нето-баланс помеѓу доселените во урбаните области и отселените од руралните области во Македонија, изразено во број на лица што мигрирале во годината. На графиот број 3 и 4 е прикажан бројот на лица што се доселиле од руралните средивни во урбаните средини и тоа по возрасни групи и број на лица што се доселиле од помали урбани средина во поголеми урбани средина

**График број 3 број на лица што се доселиле од рурална во урбана средина, по возрасни групи**




**График број 4 број на лица што се доселиле од помали во поголеми урбани средин**




[10] http://www.stat.gov.mk/,Одржлив развој 2018,стр 38
[11] http://www.stat.gov.mk/,Одржлив развој 2018,стр 100

**Извор: Државен завод за статистика** **Извор: Државен завод за статистика**

Всушност од прикажаните графици се гледа дека внатрешните миграции покажуваат зголемување на миграцијата од село во град односно вкупниот број на лица што мигрирале од рурална во урбана средина се зголемил за 3.7 %, додека бројот на мигрирани лица на возраст 15-29 е зголемен за 1.7 %, а на лицата што се на работоспособна возраст 30-64 години е зголемен за 11.0 %.

## 4.ЗАКЛУЧОК

Одржливиот социо-економски развој претставува развој што овозможува задоволување на потребите на сегашните без да се загрози можноста за задоволување на потребите на идните генерации, врз основа на тоа остварувањето на оваа цел како заклучно согледување значи создавање на развојана економија која ќе ја детерминира високо квалификуваната вработеност и кој ќе придонесе за целокупен одржлив развој на општеството во целина. Всушност одржлив социо-економски развој претставува збир на развојни методи чија што цел е да ја отстрани сиромаштијата, да создаде еднакви стандарди за живеење и да воспостави развојни политички практики со цел следење на миграционите процеси на населението пред се предизвикани пред се од индикаторот на вработеност или невработнеост на населението.

## ЛИТЕРАТУРА

http://www.stat.gov.mk/,Одржлив развој 2018
http://av.gov.mk/statisticki-podatoci.nspx
http://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/14046.pdf